Во рамки на активностите на **Центарот за податоци и информации за Европска Унија (EUi) при Универзитетот „Св.Климент Охридски“ во Битола** во соработка со **ЕУ Инфо Центарот – Скопје** и **Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија** по повод одбележувањето на Денот на Европа распишува

**КОНКУРС**

за
избор на најдобар есеј
на тема:

**„МОЈАТА ВИЗИЈА ЗА ИДНИНАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА”**

**Кој може да учествува?**
Право на учество имаат студентите на прв и втор циклус на студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

**Правила на учество**
1. Секој студент може да конкурира со само еден есеј;

2. Есејот (со 1200 - 1500 зборови), треба да биде напишан на македонски јазик, и најдоцна до 07.05.2018 година, да се испрати на следната e-mail адреса: angiest22@gmail.com со назнака: **За КОНКУРС за најдобар есеј (ЕУи)**. Трудот треба да биде изработен во фонт Times New Roman (во македонска поддршка), големина на текстот 12 pt, единечен проред (spacing - single).

3. Во прилог на есејот, студентот треба да достави:
- ИЗЈАВА дека неговиот труд е негово оригинално дело;
- Пријава која ќе ги содржи следниве информации:

1. Име и презиме;
2. Студиска година/циклус на студии/назив на единица;
3. Контакт e-mail и контакт телефон;

**Временска рамка:**
1. Конкурсот е отворен од 30.04.2018 – 07.05.2018 година (заклучно со 07.05.2018, 23:59 часот).
2. Оценувањето на добиените есеи ќе биде во периодот од 07.05.2017 до 08.05.2017 година, од страна на комисија составена од професори на Правниот факултет.
3. Свеченото прогласување на најдобрите есеи и доделувањето на наградите ќе биде за време на одбележувањето на Денот на Европа, на ден 09.05.2017 година, со почеток во 11.00 часот.